


# СОРАБОТНИК ЗА ОДНОСИ СО МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

**Локација:** Скопје

**Оддел:** Оддел за мали и средни претпријатија

**Работно време:** Полно работно време

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици, имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

- **200 години групациско искуство - Erste & Steiermärkische Sparkasse**
- **континуирана обука и можност за кариерен развој**
- **приватно здравствено осигурување**
- **конкурентна плата и надоместоци**
- **мотивирачка организациска култура**
- **активности за добросостојбата на вработените**

## Што ќе биде твојата улога

Континуирана грижа за своето портфолио на клиенти за кои е назначен како матичен соработник со сет на годишни таргети во кои се регулира нивото на соработка на клиентите од портфолиото со Банката, како и квалитетот на клиентите во портфолиото од аспект на риск профил и резервации;

Исполнување на годишните таргети и активна работа на превземањето на нови клиенти имајќи го предвид ризикот, профитот и големината на пласманот ("претприемач во претпријатието");

Активно следење и запознавање со спецификите на пазарот, регулативата и главните учесници на релевантниот пазарен сегмент;

Учество во изработка на Договори/Анекси за производите и услугите кои ги нуди Банката и друга документација согласно кредитните процедури (стандардни договори);

Давање придонес во следењето на работењето на постојните и потенцијални клиенти заедно со регионалните директори за мали и средни претпријатија, како и во реализација на инвестиционите кредити (вклучително и посета), следење на напредокот и идентификување на потенцијалните ризици.

## Кои квалификации се потребни

ВСС, Економски факултет;

Работно искуство во банка на иста или слична работна позиција ќе се смета за предност;

Активно познавање на работа со компјутер (MC Office);

Одлично познавање на англиски јазик (конверзација, разбирање, пишување);

Комуникациски вештини и самоиницијативност, аналитичко размислување и вештина за решавање на проблеми, способност за планирање и одлучување, способност за препознавање на приоритети и ризици во работењето, тимска работа и способност за работа под притисок.

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **05.09.2024** со назнака **„Апликација за Соработник за односи со мали и средни претпријатија - СКОПЈЕ“.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #КариераБезБариера #верувајвоиднината**

Те очекуваме!